РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
Бр. 04-5435/7
02-09- 2025 год.
СТРУМИЦА

# ЗАПИСНИК

## Од спроведениот практичен испит за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор (Сл.весник на РСМ бр.102/19, 102/19, 272/24 и 22/25) од Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (Сл.весник на РСМ бр.238/19) на ден 02. 09. 2025 година со почеток во 10.00 часот во просториите на Инспекциски совет Скопје пред Комисија за полагање на практичен испит за инспектор формирана од Градоначалникот на општина Струмица со Арх.Бр.09-5435/3 од 05. 08. 2025 година се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав:

- Ѓорѓи Чукарски- Раководител на Инспекторат-Главен инспектор, во Секторот за инспекциски работи-Ментор на кандидатот.

- Николчо Стоилов- Раководител на одделение за инспекциски работи во урбанизмот,комуналните работи, заштита на животна средина, патниот сообраќај и локалните патишта и улици- Виш инспектор при Секторот за инспекциски работи - Член на комисија.

- Зорица Партенова- Советник-Овластен инспектор за животна средина, Одделение за инспекциски работи во урбанизмот, комуналните работи, заштита на животна средина, патниот сообраќај и локалните патишта и улици при Секторот за инспекциски работи- Член на комисија,

- Ќерамедин Селими- член од областа на образование, наука и култура- Номиниран член од Инспекциски совет.

Кандидат за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Надица Патрикова на работно Советник-Овластен просветен инспектор во Сектор за инспекциски работи при општина Струмица.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот за спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор каде кандидатот Надица Патрикова изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекциски надзор со изготвување на акти, затварање и документирање на инспекциски надзор.

Кандидатот презентираше редовен инспекциски надзор.

По презентирањето на симулираниот редовен инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Надица Патрикова, Комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

Планирање и подготовка за инспекциски надзор ___15___ бодови.

Спроведување на инспекциски надзор ___30___ бодови.

Затворање на инспекцискиот надзор ___30___ бодови.

Документирање на инспекцискиот надзор___15___ бодови.

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор Надица Патрикова, го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоено ___90___ бодови.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше во време:

Почеток во 10.00 часот на ден 02. 09. 2025 година.

Завршување во 12:00 часот на ден 02. 09. 2025 година.

Комисија за полагање на практичниот дел од испитот за инспектор:

1. Ѓорѓи Чукарски ____________

2. Николчо Стоилов ____________

3. Зорица Партенова ____________

4. Ќерамедин Селими ____________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА СТРУМИЦА * 1